

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СТРАТЕШКИ ПЛАН НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД 2023-2024 ГОДИНА

**Скопје, Февруари 2023 година**

## СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ .3
1. ВОВЕД 4
1.1 СОСТАВ НА СОВЕТОТ 6
1.2 СТРУЧНА СЛУЖБА 7
1.3 СОВЕТОТ НИЗ ПРИЗМА НА РАБОТА 9
2. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ 1О
2.1 ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН 10
2.2 ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ 11
3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ 13
4. ПРИСТАП 14
5. SWOT АНАЛИЗА 15
6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 19
7. АКЦИОНЕН ПЛАН 23

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**АП** – Акционен план

**ЕУ** - Европска Унија

**ЕК** – Европска Комисија

**ЕСЧП** - Европски суд за човекови права

**ЕКЧП** – Европска конвенција за човекови права

**ССРСМ**- Судски совет на Република Северна Македонија

**СБС**- Судски буџетски совет

**СП** - Стратешки план

# 1. Вовед

`1.1 Советот е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции, при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштитата на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на судска, законодавна и извршна.

***СОСТАВ НА СОВЕТОТ***

Советот е составен од 15 члена, од кои:

- по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд и министерот за правда кој нема право на глас;
- осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинствово Република Северна Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници;
- тројца членови на Советот ги избира Собранието на Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија; и
- двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Северна Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Северна Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

## *ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ*

Со работата на Советот раководи претседател. Претседателот на Советот има заменик, кој го заменува во негово отсуство. Претседателот на Советот и неговиот заменик се избираат од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање. Мандатот на претседателот на Советот и на заменик претседателот на Советот трае 2 години, без право на повторен избор. Претседателот на Советот го претставува Советот, претседава и раководи со седниците, учествува во работата и во одлучувањето на Советот, ги потпишува одлуките, предлозите, решенијата и другите акти на Советот и се грижи за нивно извршување, се грижи за спроведување на Деловникот на Советот и врши и други работи определени со закон и Деловникот.

## *ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ*

Членовите на Советот со право на глас во вршењето на функцијата член на Советот се еднакви во правата и обврските. Член на Советот ги има следниве права, обврски и одговорности:

- учествува во работата и во одлучувањето на Советот;
- дава иницијативи, предлози и мислења по прашања од надлежност на Советот;
- учествува во работата на работните тела на Советот во кој е избран;
- по заклучок на Советот остварува увид во работата на судија и презема други дејствија и за тоа му поднесува извештај на Советот;
- одговорен е за повреда на Уставот и закон во врска со вршење на функцијата во Советот и
- врши и други работи определени со овој закон.

Мандатот на избраните членови трае шест години со право на уште еден избор. На член на Советот му престанува мандатот:

- со истекот на времето за кое е избран;
- по негово барање;

- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или друго кривично дело кое го прави недостоен да ја врши функцијата член на Судскиот совет;
- ако на член на Советот му се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата и
- ако е избран на друга јавна функција или професија.

Работите од своја надлежност, Советот ги разгледува и за нив одлучува на седница. На седниците Советот донесува одлуки кои се од важност за непречено функционирање и остварување на својата надлежност и тоа за:

- избор и разрешување на судии;
- избор и разрешување на претседатели на судовите;
- утврдување престанок на судиската функција;
- избор и разрешување на судии поротници;
- следење и оценување на работата на судиите;
- одлучување за дисциплинска одговорност на судиите;
- утврдување на престанок на судиската функција поради трајна неспособност за работа на судија;
- одлучување за одземање на имунитет на судија;
- одлучување по барање за одобрување на притвор на судија;
- предлагање двајца судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија од редот на судиите;
- одлучување за времено отстранување на судија од вршење на судиска функција;
- утврдување на бројот на потребните судиски места по судови;
- разгледување и оценување на тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите;
- постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лиа за работата на судиите, претседателите на судови и судовите;
- разгледување на извештајот на Врховниот суд на Република Северна Македонија за утврдените начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примена на законите;
- грижа за угледот на судиите и довербата на граѓаните кон судството и други надлежности утврдени со закон.

## Судскиот совет низ бројки




### 1.2 Стручна служба на Судскиот совет

Советот има стручна служба. Со стручната служба раководи генерален секретар. Во зависност од видот, обемот, степенот на сложеноста на работата, како и нивната меѓусебна поврзаност и сродност, одговорност и другите услови за успешно функционирање на стручната служба на Советот се образуваат следниве организациски облици:

(1) Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите, со две одделенија:

- Одделение за информатички и административно-технички работи
- Одделение за статистика и аналитика на судовите

(2) Сектор за судски буџет, со четири одделенија:

- Одделение за финансиски прашања на судскиот буџетски совет
- Одделение за правни и општи работи на судскиот буџетски совет
- Одделение за инвестиции на судскиот буџетски совет
- Одделение за информациско-комуникациски технологии на судскиот буџетски совет

Во Судскиот совет на Република Северна Македонија постојат и две посебни одделенија:

- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за човечки ресурси

**Структура на вработени според категорија**

| **Категорија** | **Број на врсботени** | **Поцентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **Категорија А – секретари** | 1 | 3,22 |
| **Категорија Б – раководни административни службеници** | 13 | 41,93 |
| **Категорија В – стручно административни службеници** | 9 | 29,03 |
| **Категорија Г – помошно - стручни административни службеници** | 4 | 12,90 |
| **Помошно технички лица** | 4 | 12,90 |
| **Вкупно** | 31 | 100,00 |

## 1.3 Советот низ призма на работа

*ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 23 | 35 | 29 | 33 | 35 |

*ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 2 | 14 | 8 | 6 | 3 |

*ИЗБОР НА СУДИИ*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 4 | 3 | 24 | 6 | 2 |

*ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ ПО КОИ ОДЛУЧУВАЛ СОВЕТОТ*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 754 | 554 | 531 | 699 | 466 |

*ВРЕМЕНО УПАТЕНИ СУДИИ*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 12 | 5 | 13 | 10 | 7 |

*УТВРДЕН ПРЕСТАНОК НА СУДИСКА ФУНКЦИЈА ПОРАДИ НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 5 | 6 | 3 |

*УТВРДЕН ПРЕСТАНОК НА СУДИСКА ФУНКЦИЈА ПО ДРУГИ ОСНОВИ*

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 25 | 13 | 11 | 20 | 65 |

**ИЗБРАНИ СУДИИ ПОРОТНИЦИ**

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 131 | 25 | 155 | 112 | 105 |

***УТВРДЕН ПРЕСТАНОК НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ***

| 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 73 | 35 | 102 | 157 | 100 |

**СПОРЕДЕН ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ, ПОТРОШЕНИ И НЕПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019, 2020, 2021 И 2022 ГОДИНА.**

| ОПИС | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно средства од Буџетот на РСМ | 52.422.693,00 ден. 100 % | 40.701.394,00 ден 100% | 42.794.929,00 ден. 100,00 % | 51.570.586,00 ден 100% |
| Потрошени средства - остварени расходи | 52.122.633,00 ден. 99,00% | 40.497.866,00 ден 99,50% | 42.550.423,00 ден. 99,50% | 50.934.967,00 Ден 98,8% |
| Непотрошени средства | 320.000,00 ден. 1,00% | 203.528,00 ден 0,50% | 244.506,00 ден. 0,50% | 635.619,00 Ден 1,2% |

# 2. Стратешко планирање

## 2.1. Цели на Стратешкиот план

Во рамките на своите потреби за придонес кон исполнување на целите на реформските процеси во правосудството, Судскиот совет изработи Стратешки план за период од 2023 до 2024 година. Во овој двегодишен Стратешки план (СП) се наведени главните стратешки приоритети кои се однесуваат на подобрување на функционирањето на Советот.

Стратешкиот план на Советот е сеопфатен документ кој ги утврдува генералните насоки како приоритетни цели, мерките и активностите кои треба да се преземат за нивна реализација и креирање на соодветни политики кои ќе ги дадат најсоодветните

резултати во постигнување на приоритетите. Тој претставува синтеза на планирање во областите на делување на Советот и планирање на развојот внатре во институцијата и се темели на соодветни податоци и реално одразени цели, ресурси и очекувани резултати, имајќи ги предвид расположливите човечки капацитети, фискалните рамки и буџетските промени кои обезбедуваат спроведување на планот.

Стратешкиот план претставува ефикасен механизам за континуирано следење на спроведувањето на активностите и остварувањето на резултатите и основен чекор кон исполнување на мисијата и визијата на Советот.

### 2.2. Процесот на стратешко планирање

Целта на процесот на стратешко планирање е да се зајакнат капацитетите на Советот преку спроведување на процес на партиципативно стратешко планирање и дефинирање на среднорочни стратегии на институцијата, вклучувајќи ги и клучните индикатори за мерење на организациските перформанси и успех.

## 3. Визија, мисија и главни вредности

Мисијата, визијата и вредностите на една институција се од најголемо значење бидејќи тие ја дефинираат и детерминираат целта за постоењето на институцијата и истите овозможуваат согледување на целите кон кои се стреми, а кои претставуваат основни постулати за градење и формулирање на сопствена организациска стратегија.

Мисијата и визијата всушност извираат од значењето на доверените функции на Советот, како и очекувањата на општеството и заедницата од вака воспоставениот орган со Уставот.

Мисијата на Советот и главните вредности кои треба да ги обезбеди како главни одредници се:

**Обезбедување на Независно судство**

Како основа на владеење на правото во демократско општество во кое целосно се почитува принципот на поделба на власта.

## *Транспарентно и достапно судство*

Судство во кое сите граѓани мора да имаат еднаков пристап до судовите, како и достапност на нивните податоци, одлуки и информации релевантни за граѓаните.

## Судска власт во која граѓаните имаат доверба

Довербата е столбот врз кој се потпира модерното демократско општество каде што се донесуваат квалитетни одлуки, во разумен рок, почитувајќи ги странките во постапката, во рамките на систем кој обезбедува отворен процес на избор, унапредување, одговорност и престанок на судиската функција и во кој има проактивна и јасна комуникација со граѓаните.

## Компетентни  и задоволни судии

Компетентни, обучени,  соодветно наградени и задоволни,  но и одговорни судии кои го имаат неопходното знаење и искуство потребно за непристрасна, квалитетна, ефикасна работа и востановен принцип на одговорност базирана на објективни мерила ја  претставуваат основата на Судската власт.

## Спречување на корупцијата во судството

Идентификување на клучните фактори во борбата со корупцијата, можните форми на корупција во судството, целните групи, за која цел е донесена Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството.

## Независен и функционален Судски совет

Преку извршување на сите задачи во рамките на надлежностите и функциите што му се дадени со Уставот и законот, со квалитет и во пропишаните и планираните рокови, кое пак ќе овозможи добро функционирање на целиот судски систем.

# МИСИЈА, ВИЗИЈА, ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ НА ССРСМ




## ВРЕДНОСТИ

-Професионално, ефикасно и квалитетно постапување
-Унапредување на владеењето на правото
-Еднаков пристап до правда
-Неутралност и објективност во носењето на одлуките
-Почитување на различностите
-Отвореност за унапредување на капацитите
-Инклузивност преку вклученост на сите релевантни страни

## ВИЗИЈА

*Советот како самостоен и независен орган на судството е гарант на независноста, самостојноста, ефикасноста и транспаретноста на судството. Советот има ефикасна, функционална и професионална стручна служба која обезбедува реализација на сите свои надлежности.*

## МИСИЈА

*Советот е самостоен и независен орган на судството кој обезбедува независно вршење на судиската функција и заштита на интегритетот на судиите преку спречување на надворешни влијанија во процесот на избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите. Со тоа Советот придонесува кон навремено и квалитетно остварување и заштита на правата и слободите на граѓаните на РСМ.*

## ПРИНЦИПИ

*Независност, одговорност, транспарентност и отчетност, ефикасност и квалитет во работењето*

## 4. Пристап

Во исполнување на целите на Стратешкиот план, Судскиот совет на Република Северна Македонија ќе се води од следните вредносни начела:

**НАШИОТ СТРАТЕШКИ ПРИСТАП**




## 5. SWOT анализа[1]

Врз основа направената SWOT анализа која ги утврдува силните страни (предности), слабите страни (недостатоци), можности и закани со кои се соочува Советот, а врз основа кои понатаму може да се градат соодветни стратегии. Овие таканаречени SWOT фактори кои претставуваат пример за релевантни прашања што треба да бидат земени во предвид, се поделени во две подкатегории: внатрешни и надворешни.

---

[1] SWOT-Strenghts, Weaknesses, Opportunities, Threaths , Предности, Слабости, Можности, Закани

# SWOT АНАЛИЗА

## НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SWOT анализата е алатка која е искористена за утврдување на силните и слабите страни, можностите, заканите, како и мислења, ставови и предлози од интерес за понатамошно поуспешно функционирање на Судскиот совет на Република Северна Македонија, преку идентификување на внатрешните и надворешните фактори кои директно задираат во функционирањето на институцијата.

### ПРЕДНОСТИ

- Еднакво право на глас на членовите
- Избор на членовите (од судиите) на непосредни, тајни избори
- Советот е сочинет од претставници од сите три власи со доминантно учество на судската власт
- Тимски дух и работна атмосфера
- Добра соработка со граѓанскиот сектор
- Зголемена доверба кај донаторите
- Отвореност за соработка и промени за подобрување на квалитетот на работењето

### НЕДОСТАТОЦИ

- Недостаток на стручен кадар
- Недоволни капацитети за управување со финансиски ресурси и ресурси за стратешко планирање
- Мал капацитет на службата
- Отсуство на модерни статистички алатки и поврзаност со останатитет системи во кои се обработуваат податоци
- Непостоење на соодветни континуирани обуки за надоградба на вработените
- Недоволен буџет за кадровско екипирање

### МОЖНОСТИ

- соработката со судски совети од регионот
- Зајакнување и проширување на меѓународната соработка
- Унапредување на системот за следење на работата на судовите
- ИПА фондови и други развојни програми кои може да поддржат иницијативи на Советот

### ЗАКАНИ

- Политичките партии го користат судството за собирање на политички поени и тоа негативно се изразува на имиџот
- Исклучување на судската власт од креирање за законите во правосудството
- Финансиска зависност и недоволно финансии обезбедени за функционирање на судството

# ДИЈАГРАМИ - SWOT АНАЛИЗА












Според бројот на идентификуваните фактори, може да се направи првична проценка кој тип на стратегии треба да се идентификуваат, развијат и имплементираат од страна на Советот со цел да се подобри ефективноста и ефикасноста во работењето, како и да се искористат можностите и да се одговори на заканите. Врз основа на анализата, утврдени се седум (7) фактори кои се сметаат за силни страни односно предности. На скалата на оцени кај предностите која овде е утврдена од 1 (со најслабо влијание) до 7 (со најсилно влијание), во рамки на истата со највисока оценка предничат два фактори: "Еднакво право на глас на членовите" и "Изборот на членовите на непосредни тајни избори".

Поголемиот број утврдени силни страни е ветувачки земајќи во предвид дека заканите се 3 (три) и оттука поголемиот број на позитивни страни може да амортизираат поголемиот дел од овие закани. Кај заканите, по степенот на влијание и значење предничи еден фактор: "Финансиска зависност и недоволно финансии".

Анализата покажува дека број на слабости/недостатоци (6 на број) секако може дополнително да го интензивираат влијанието на заканите. Во рамки на овие фактори најзначајни по степенот на влијание врз функционирање на Советот се: "Недостаток на стручен кадар" и "Недоволен капацитет за управување со финансиски ресурси и ресурси за стратешко планирање".

Утврдени се 4 (четири) можности кои се значајни бидејќи може да се искористат со цел да се одговори на заканите/предизвиците. Кај можностите по значење предничи еден фактор кој се издвојува од остатанатите: "Унапредување на системот на следење на работата на судовите". Дијаграмите погоре прикажани насочуваат дека Советот треба да се фокусира на стратегии за поврзување на „Силните страни со Можностите", кои ќе овозможат со предностите да се искористат можностите и на стратегии за поврзување на „Слабите страни со Можностите", кои ќе овозможат со можностите да се надминат слабостите.

***Графикон – соодност на бројот на внатрешни и надворешни фактори***




***Градење стратегии согласно SWOT анализата***

| | **Можности** (надворешни, позитивни) | **Закани** (надворешни, негативни) |
|---|---|---|
| **Силни страни** (внатрешни, позитивни) | **Стратегија (SO) - Силни страни-можности** Да се искористи отвореноста за соработка, добрите односи со донаторската заедница и желбата на Советот за унапредување на системот за следењето на работата на судовите за воспоставување на нови напредни квалитативни статистички методи и набавка на соодветна ИТ опрема. | **Стратегија (ST) - Силни страни-закани** Да се искористи присуството на претставникот од извршната власт кој членува во Советот за влијание и пренесување на ставови и предлози од страна на судиите членови кои потоа ќе се рефлектираат во финалните верзии на законите кои директно задираат во сферата на правосудството. |

| | | |
|---|---|---|
| **Слабости**(внатрешни, позитивни) | **Стратегија (WO) – Слабости-можности**<br>Да се искористат ИПА и слични достапни фондови од амбасади и други донатори за намалување на негативните ефекти од недостатокот на финансиски средства и воопшто финансиската зависност со која се соочува Советот. | **Стратегија (WT) – Слабости- закани**<br>Да се лобира и влијае врз Министерството за правда и Министерството за финансии за одобрување на поголем годишен буџет за директно зголемување на ефикасноста и независноста во работењето на Советот. |

## 6. Стратешки приоритети и цели

За реализација на стратешките приоритети и цели на Советот за периодот 2023-2023 година утврдени се 6 (шест) приоритети за чиешто спроведување се поставени 22 (дваесет и две) цели. Предвидените активности кои се во насока на остварување на поставените приоритети и цели се детално разработени во Акциониот план прикажан како интегрален дел од Стратешкиот план.

### ПРИОРИТЕТ БР. 1- УНАПРЕДУВАЊЕ НА НЕЗАВИСНОСТА НА СУДСТВОТО

За реализација на овој приоритет кој во суштина е во тесна врска со начелото на независност и непристрасност во работењето, утврдени се следните седум (7) стратешки цели:

**ЦЕЛ 1**–Да се обезбеди проактивна улога на членовите на Советот во креирањето на новите законски прописи кои директно засегаат во доменот на функционирањето на судската власт и Советот како нејзин дел, преку организирање настани, дебати за претставување на работата на Советот и предизвиците со кои се соочува судството и Советот;

**ЦЕЛ 2** -Доследна примена и измена на подзаконски акти со кои ќе се зајакнат основите за зголемена објективност во изборот и утврдување на одговорност на судиите;

**ЦЕЛ 3**–Да се подобри внатрешната комуникација во однос на распределбата на судскиот буџет помеѓу судовите, Судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители;

**ЦЕЛ 4**–Да се влијае во надлежните министерства и да се обезбеди минимумот од најмалку 0,8% од БДП на годишно ниво кои согласно законот треба да бидат доделени на судството;

**ЦЕЛ 5** – Да се создаде механизам за навремена реакција за заштита на угледот и функцијата на член на Советот, претседател на суд или судија;

**ЦЕЛ 6** – Да се обезбеди стратешка поставеност на Стручната служба и вработените во неа со својство на судски службеници или да се дефинираат како посебна категорија на административни службеници чиј статус ќе се уреди со посебен закон;

**ЦЕЛ 7** -Да се задржи континуираниот тренд за обезбедување на соодветна правична застапеност на припадниците кои не се мнозинство во Републиа Северна Македонија, како и соодветна правична родова застапеност во рамките на Советот и неговата стручна служба;

## ПРИОРИТЕТ БР. 2 - УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ, СУДИИТЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ

За реализација на овој приоритет кој во суштина е во тесна корелација со начелото на квалитет во работењето, утврдени се следните 4 (четири) стратешки цели:

**ЦЕЛ 1**–Да се воспоставаат модерни статистички алатки кои ќе овозможат квалитативна анализа за состојбите и предизвиците со кои се соочуваат судовите и судската власт;

**ЦЕЛ 2** - Да се воспостави поефикасен систем на прибирање на однапред утврдени квантитативни и квалитативни податоци кој ги поврзува перформансите со планирањето, буџетирањето и управувањето со ресурсите;

**ЦЕЛ 3** – Да се унапреди и модернизира постојната ИТ инфраструктура и овозможи поголема функционалност на Центарот за статистика и аналитика во Советотза поефикасно и ефективно следење на работата на судовите;

**ЦЕЛ 4** – Да се обезбеди интероперабилност на АКМИС системот и АБМС системот на Судскиот буџетски совет со надоградување на постојниот или со замена на нов систем, со цел да се добијат композитни, релевантни и споредливи податоци;

## ПРИОРИТЕТ БР. 3 –ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СОВЕТОТ

За реализација на овој приоритет кој е во тесна врска со начелото на ефикасност во работењето, утврдени се следните 4 (четири) стратешки цели:

**ЦЕЛ 1**– Да се спроведе анализа на законските одредби за одговорност на членовите на Советот, за таа цел потребно е да се измени и дополни Деловникот за работа на Советот, со јасни одредби за постапката за утврдување на одговорност за членовите на Советот;

**ЦЕЛ 2**– Да се ревидираат актите за систематизација и внатрешна организација и истите да се прилагодат согласно потребите и функциите на Советот, соочени со значењето и големината на функциите кои му се доверени и со јасно дефинирање на правата

и обврските и надлежности на внатрешните сектори и одделенија кои функционираат во рамки на Советот;

**ЦЕЛ 3** –Потребно е донесување на стратешки документ и методологија во рамките на Советот за правење реални проекции на адекватен број на слободни судиски места врз основа на квантитативни и квалитативни критериуми;

**ЦЕЛ 4** – Да се преиспитаат донесените општи акти со кои Советот ги уредува работите од своја надлежност и согласно утврденото истите да се изменат и дополнат, со цел дополнително да се оптимизираат сите функции и зголеми ефикасноста во работењето;

## ПРИОРИТЕТ БР. 4 – ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ФАКТОРИ ВО БОРБАТА СО КОРУПЦИЈАТА

За реализација на овој приоритет , утврдени се следните 2 (две) стратешки цели:

ЦЕЛ 1- Меѓуинстутиционална соработка заради координација на мерките и активностите во насока на спречување на корупцијата;

ЦЕЛ- 2 – Спроведување на Програмата и Акциониот план за спречување на корупцијата;

## ПРИОРИТЕТ БР. 5–ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ

За реализација на овој приоритет директно поврзан со принципот на транспарентност и отчетност, утврдени се следните 3 (три) стратешки цели:

**ЦЕЛ 1**– Советот да биде проактивно транспарентен преку соопштување и обраќање кон јавноста за реалните позитивни резултати од работата како и за предизвиците со кои се соочува, со цел зголемување на довербата на јавноста во Советот;

**ЦЕЛ 2** – Да се обезбеди професионален пристап кон односите со јавноста со цел за зголемена транспарентност и подобрување на угледот на Советот;

**ЦЕЛ 3** – Да се зајакнат капацитетите на Стручната служба во делот на односи со јавноста преку интензивирани обуки за комуникациски вештини со цел поголема отчетност во работата на Советот;

**ПРИОРИТЕТ БР. 6–Унапредување на домашна, регионална и меѓународна соработка со домашни и меѓународни организации, донатори и организации од граѓанскиот сектор**

За реализација на овој приоритет, утврдени се две (2) стратешки цели:

**ЦЕЛ 1** – Воспоставена и унапредена соработка и координација на национално и меѓународно ниво со цел усогласување со стандардите на ЕУ

**ЦЕЛ 2** –Да се интензивира соработката со домашните институции како адвокатура, јавно обвинителство, нотаријат, извршители, медијатори во насока на исполнување на стратешките приоритетите и цели зацртани со овој Стратешки план.

# 7. АКЦИОНЕН ПЛАН НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023-2024

## 1 Унапредување на независноста на судството

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Обезбедување проактивна улога на членовите на Советот | - Заштита на работата на Советот<br>- Заштита на угледот и функцијата на член на Советот<br>- Подобрување на перцепцијата на јавноста | Организирање настани, дебати за претставување на работата на Советот | Подобрување на постоечките закони за унапредување на независноста на Советот и судството | (ССРСМ) | Судскиот буџет. донации | Континуирано |
| 2.Доследна примена и иамена на подзаконските акти За изборот и утврдување на одговорност на судиите | -Ззголемена објективност во изборот и утврдување на одговорност на судиите | Формирање на работни групи од членови на Советот | Донесени подзаконски акти Изменети и дополнети подзаконски акти | (ССРСМ) | Судскиот буџет | Континуирано |
| 3.Подобрана внатрешна комуникација во односна распределбата на буџетот помеѓу единките корисници | -Подобрена внатрешна комуникација во однос на распределбата на судскиот буџет помеѓу судовите, судскиот совет и Академијата за судии и јавни обвинители | Одржување на состаноци и седници на Судскиот буџетски совет | Број на одржани состаноци и седници на Судскиот буџетски совет | (ССРСМ | Судскиот буџет | Континуирано |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.Обезбедување на минимумот од 0,8% од БДП | -Обезбеден минимумот од 0,8% од БДП | -Состанок со мисистерот за финансии и министерот за правда | Процентот од БДП | ССРСМ, Министерство за финансии | Буџет на РСМ | Континуирано |
| 5.Навремена реакција за заштита на угледот и функцијата на член на Советот, претседател на суд и судија | -Заштита на угледот на член на Советот, претседатели на суд/ судиите | -Навремена реакција во случај кога е загрозен угледот член на Советот, претседатели на суд/ судиите | Соопштенија , брифинзи, прес конференции и др. организирање на тркалезни маси за да се разговара за притисоците и ризиците кон независноста ( разни интересни групи судии, адвокати, јавни обвинители, новинари и др. )<br><br>Организирање обуки | (ССРСМ) | Судскиот буџет, донации | Континуирано |
| 6. Обезбедување на стратешка поставеност на Стручната служба | Измена на Законот за судска служба | Формирање на работна група за измена на законот за Судска Служба<br>-Учество на претставник од Стручната служба на Советот во работната група<br>-Лобирање | Донесен закон | ССРСМ, Министерство за правда, Собрание на РСМ | Судскиот буџет, | Декември 2023 година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. Соодветна правична зсстапеност на припадниците кои не се мнозинство во РСМ во рамките на Стручната служба | Пополнување на слободните работни места во Стручната служба на Советот | Годишни планови за пополнување на работните места | Балансер за пополнување на работните места објавен на веб страната на Министерството за информатиќко општество и администрација | ССРСМ, Министерство за финансии | Судскиот буџет, | Континуирано |

## 2. Унапредување на системот за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Воспоставување модерни статистички алатки | Институционалното јакнење на судовите<br><br>Развивање на нови | Обезбедување на нова ИТ опрема<br><br>Пополнување на соодветните работни места<br><br>Организирање на обуки | Набавка наИТ опрема<br><br>Вработувања и надворешно ангажирани лица | ССРСМ, ИКТ Советот, судовите | ССРСМ, НВО,во соработка со меѓународни организации | континуирано |
| 2. Поефикасен систем за прибирање на однапред утврдените квантитативни и квалитативни податоци | Интеропребилност помеѓу судовите и Судскиот совет | Обезбедување на нова ИТ опрема<br><br>Пополнување на соодветните работни места<br><br>Организирање на обуки | Набавка на ИТ опрема<br><br>Вработувања и надворешно ангажирани лица<br><br>Број на спроведени обуки | ССРСМ, ИКТ Советот, судовите | ССРСМ, ИКТ Советот, судовите | континуирано |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Обезбедување на функционалност на Центарот за статистика и аналитика во Советот | Поефикасно и ефективноследење на рабоатат на судовите | Обезбедување на нова ИТ опрема<br><br>Пополнување на соодветните работни места<br><br>Организирање на обуки | Набавка на ИТ опрема<br><br>Вработувања и надворешно ангажирани лица<br><br>Број на спроведени | ССРСМ, ИПА проекти, НВО | ССРСМ, ИПА проекти, НВО | континуирано |
| 4.Интероперабилност на АКМИС системот и АБМС системот на Судски буџетски совет | Релевантни и споредливи податоци | Надоградба на постојниот или замена со нов систем | Набавка на ИТ опрема | ССРСМ, ИПА проекти, НВО | ССРСМ, ИПА проекти, НВО | континуирано |

## 3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СОВЕТОТ

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Анализа на законските одредби за Одговорност на член на Советот | Јасни одредби за одговорност на член на Советот | Измена на Деловникот за работа на Судскиот совет | Донесени Деловник за измена и дополнување на Деловникот за работа | ССРСМ | СБС, Граѓански организации, ИПА проекти | трет квартал 2023 година |
| 2.Ревидирање на актите за систематизација и внатрешна организација | Остварување на Функциите на Советот | Формирање на работна група<br>Анализа на постојните капацитети<br>Измена на акти | Изготвени анализи<br>Изменети акти<br>Јасно дефинирани права и обврски во секторите и одделенијата | ССРСМ | СБС,НВО | Јуни 2024 |
| 2.Донесување на методологија за утврдување на слободни судиски места | Ажорни судови | Формирање на работна група<br>Анализа на постојните капацитети<br>Изготвена Методологија | Донесена Методологија | ССРСМ | СБС,НВО | Декември 2023 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.Преиспитување на донесените општи акти на Советот | Зголемена ефикасност во работењето на Советот | Формирање на работна група<br>Анализа на постојните капацитети<br>Измена на  актите | Изготвени анализи<br>Изменети акти | ССЕСМ | СБС,НВО | Декември 2024 |

## 4–Идентификување на клучните фактори во борбата со корупцијата

| Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Меѓуинтитуционална соработка | Кординативни состаноци<br>Размена на податоци<br>Координација во преземањето на Мерките и кативностите | Број на одржани состаноци | С<br>СРСМ, ОЈО, ДКСК, Владата на РСМ | Буџет на РСМ, СБС | Континуирано |
| 2. Следење на спроведување на Програмата и Акциониот план за спречување на корупцијата во судството | Формирање на работна група<br>Изготување на Извештај | Разгледување на Извештајот на седница на ССРСМ<br>Објавување на Извештајот | ССРСМ | СБС | Континуирано |

| 5–Зајакнување на транспарентноста за зголемување на довербата на јавноста во работата на судскиот совет | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Носители на буџет | Временска рамка |
| 1.Зголемување на довербата на јавноста во Судскиот совет | Зајакната свесност за работата и надлежностите на Советот<br><br>Зголемена транспарентност | Ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во Стратешкиот план за комуникација<br><br>Спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на вработените<br><br>Обуки на претставници на медиумите со цел нивно запознавање со работата и надлежностите на Советот | Изготвена анализа за имплементација на Стратешкиот план за комуникација | С<br><br>СРСМ; НВО | СБС; НБО | Континуирано |
| 2.Подобрување на надворешната комуникација со јавноста | Зголемена транспарентност | Одржување на редовни брифинзи и состаноци со новинарите<br><br>обуки за комуникациски вештини | Екипирана служба за односи со јавност со човечки и технички ресурси<br><br>Редовно информирање на јавноста<br><br>Обезбедени технички и просторни услови за односи со јавноста | ССРСМ | СБС | Континуирано |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Редовно ажурирање на судскиот веб портал | Оотчетност на работата на Советот | Подготовка на стандардни оперативни процедури за објавување на податоците на Веб-страницата на Советот<br><br>Редовно објавување на податоци на Веб страната согласно утврдените процедури<br><br>Подготвување на стандардни оперативни процедури за мониторинг на Веб-страниците на судовите, односно за оценување на работата на претседателите во делот за односи со јавноста и транспарентност во работењето | Ревидирани и утврдени процедури<br><br>Ажурна Веб страница<br><br>Ревидирани и утврдени процедури | ССРСМ, лицата за односи со јавност | ССРСМ | Континуирано |

| 6.Унапредување на домашна, регионална и меѓународна соработка со домашни и меѓународни организации, донатори и организации од граѓанскиот сектор | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни | Носители на буџет | Временска рамка |
| 1. Воспоставена и унапредена соработка и координација со меѓународни организации, донатори и со граѓански организации со цел усогласување со стандардите на ЕУ | Воспоставени механизми за соработка помеѓу донатори, меѓународни организации иинституциите и организациите на национално и на регионално ниво<br><br>Организирање регионална и меѓународна конференција за работата на Судските совети и судството во регионот и пошироко | Потпишување на меморандуми за соработка помеѓу владини институции и<br>Невладини организации кои ќе ги земат предвид специфичните надлежности на Советот. | Број на потпишани меморандуми за соработка<br><br>Започнати проекти<br><br>Проекти во тек<br><br>Број на завршени проекти и извештаи<br><br>Број на проекти во тек. | ССРСМ<br><br>Меѓународни организации<br><br>НВО | СБС | Континуирано |
| 2.Соработка со домашните институции, адвокати, јавно обвинителство, нотаријат, извршители, меријатори и др. | Воспоставени механизми за соработка | Потпишување на меморандуми за соработка | Број на потпишани меморандуми за соработка | ССРСМ, домашни институции | СБС | Континуирано |

**Бр. 03-455/1**
**22.02.2023 година**

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**